РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-708/1
28-04-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP
28-04-2021



СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

Скопје, Април 2021 година

# СОДРЖИНА

**РЕЗИМЕ** ....................................................................................... 3

**ВОВЕД** ....................................................................................... 4

**СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА** ....................................................................................... 5

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ** ....................................................................................... 8

- ***БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ*** ......................... 8
- ***ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА*** ................................ *11*
- ***ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО*** ........................................................ *14*
- ***ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ*** ..................................... 21

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ**.......................................................................... 25

**БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ** .................................................... 29

- **КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2019 ГОДИНА**
- **МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
  - ***СУДСТВО***
  - ***СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***

**ЗАКЛУЧОЦИ** .......................................................................... 39

**ПРЕПОРАКИ** .......................................................................... 41

**ПРИЛОЗИ** .......................................................................... 42

# РЕЗИМЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот) за својата работа согласно со член 100 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија, кој јавно се објавува и доставува до сите судови. Во Годишниот извештајот се содржани податоци за бројот на избраните и разрешените претседатели на судови, судии и судии поротници, за бројот на поведени и завршени постапки за утврдување на одговорност, за кадровската состојба во судството, за материјално – финансиската состојба во судството, за состојбата на судовите согласно со годишните извештаи за нивната работа, податоци за постапување по претставки и предлози од граѓаните, и институциите за работата на судиите и судовите, оцени за работата на судиите во РСМ во однос на квалитетот и ажурноста на нивната работа, како и други прашања во врска со остварување на независноста и самостојноста на судството, степенот на реализација на Годишната програма за работа на Советот по ставки, како и други податоци.

Пандемијата со вирусот Ковид -19 ја наметна потребата Советот брзо и навремено да преземе активности и својата работа да ја организира согласно препораките и мерките од надлежните органи во Република Северна Македонија. Но, и покрај предизвиците со кои се соочуваше Советот во 2020 година и 2021 година успешно и навремено ги оствари своите функции предвидени во Уставот и Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија. Во текот на 2020 година, Советот избираше и разрешуваше судии, судии поротници и претседатели на судови, утврдуваше престанок на судиска функција, утврдуваше нестручно и несовесно вршење на судиската функција, изврши редовно оценување на судиите и претседателите на судовите, ги разгледуваше и оценуваше тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите, одлучуваше за времено упатување на судиите во друг суд, вршеше работни посети на судовите, како и други работи утврдени со закон.

Во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија за 2020 година, е констатирано дека правосудниот систем на Северна Македонија има **одреден степен на подготвеност/е умерено подготвен** и дека е постигнат **добар напредок** во спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор и дека Судскиот совет проактивно ја извршува својата улога.

Во 2021 година, Советот ќе се залага за доследна примена и постапување по одредбите од донесената законска регулатива, ќе ги следи состојбите во судството и ќе поднесува предлози за подобрување, ќе ја следи работата на судиите и претседателите на судовите, континуирано ќе ја следи примената на законите и ќе поднесува иницијативи за изменување и дополнување на законската регулатива, ќе ја унапредува соработката на институциите на судска власт со другите чинители во земјата и светот, ќе се залага за транспарентност и отчетност во работата на Советот, ќе се залага за подобрување на капацитетите на судството и ќе даде поддршка на судиите во ситуации кога е загрозен нивниот интегритетот при вршењето нивната функција.

***ВИЗИЈА***

Советот како самостоен и независен орган на судството е гарант на независноста, самостојноста, ефикасноста и транспаретноста на судството. Советот има ефикасна, функционална и професионална стручна служба која обезбедува реализација на сите свои надлежности.

Советот има воспоставени активни релации и соработка со сите релевантни домашни и меѓународни институции и се стреми кон обезбедување на финансиска независност на судската власт. Советот гарантира пристап на граѓаните до фер и навремена правда и значително придонесува за јакнење на довербата на граѓаните во судскиот систем.

***МИСИЈА***

Советот е самостоен и независен орган на судството кој обезбедува независно вршење на судиската функција и заштита на интегритетот на судиите преку спречување на надворешни влијанија во процесот на избор, оценување, унапредување и разрешување на судиите. Со тоа Советот придонесува кон навремено и квалитетно остварување и заштита на правата и слободите на граѓаните на РСМ.

# ВОВЕД

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. Седниците на Советот се јавни. Јавноста може да биде исклучена согласно закон, само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас. Во текот на 2020 година, Советот одржа 29 седници.

***ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ***

- Фокус кон професионално, навремено и квалитетно исполнување на надлежностите и работните задачи
- Обезбедување на владеење на правото
- Независност во носењето на одлуките
- Брза реакција во случаи на зачувување на интегритетот на судиите и независноста на судиската функција
- Транспаретност и отчетност во работењето

- Отвореност за соработка со други институци и организации
- Почитување на различностите
- Отвореност за унапредување на капацитите и организациско учење

## СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

Советот е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции, согласно Уставот и законите.

### *СОСТАВ НА СОВЕТОТ*

Советот е составен од 15 члена, од кои:

- по функција членови на Советот се претседателот на Врховниот суд и министерот за правда кој немаат право на глас;
- осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинствово Република Северна Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници;
- тројца членови на Советот ги избира Собранието на Република Северна Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија; и
- двајца членови на Советот предлага претседателот на Република Северна Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Северна Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

### *ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ*

Со работата на Советот раководи претседател. Претседателот на Советот има заменик, кој го заменува во негово отсуство. Претседателот на Советот и неговиот заменик се избираат од редот на членовите на Советот со право на глас, кои се избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Претседателот на Советот и неговиот заменик се избираат со најмалку 8 гласови од членовите со право на глас. Мандатот на претседателот на Советот и на заменик претседателот на Советот трае 2 години, без право на повторен избор. Претседателот на Советот го претставува Советот, претседава и раководи со седниците, учествува во работата и во одлучувањето на Советот, ги потпишува одлуките, предлозите, решенијата и другите акти на Советот и се грижи за нивно извршување, се грижи за спроведување на Деловникот на Советот и врши и други работи определени со закон и Деловникот.

## *ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ*

Членовите на Советот  со право на глас во вршењето на функцијата член на Советот се еднакви во правата и обврските. Член на Советот ги има следниве права, обврски и одговорности:

- учествува во работата и во одлучувањето на Советот;
- дава иницијативи, предлози и мислења по прашања од надлежност на Советот;
- учествува во работата на работните тела на Советот во кој е избран;
- по заклучок на Советот остварува увид во работата на судија и презема други дејствија и за тоа му поднесува извештај на Советот;
- одговорен е за повреда на Уставот и закон во врска со вршење на функцијата во Советот и
- врши и други работи определени со закон.

Избраните членови на Советот од редот на судиите имаат мандат од шест години со право на уште еден избор по истекот на најмалку шест години од престанокот на претходниот  мандат во Советот. Членовите на Советот избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија имаат мандат од шест години со право на уште еден избор.

На член на Советот му престанува мандатот:

- со истекот на времето за кое е избран;
- по негово барање;
- ако е разрешен од судиската функција согласно со закон;
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело  злоупотреба на службената должност  и овластување во вршење на функцијата или друго кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца што го прави недостоен за вршење на функцијата член на Советот;
- ако на член на Советот му се утврди трајна неспособност за вршење на функцијата и
- ако е избран на друга јавна функција или професија.

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. На седниците Советот донесува одлуки кои се од важност за непречено функционирање и остварување на својата надлежност и тоа за:

- избор и разрешување на судии;
- избор и разрешување на претседатели на судовите;
- утврдување престанок на судиската функција;
- избор и разрешување на судии поротници;
- следење и оценување на работата на судиите;
- одлучување за дисциплинска одговорност на судиите;
- одлучување за одговорност на судија и претседател на суд;
- одлучување за одземање на имунитет на судија;
- одлучување по барање за одобрување на притвор на судија;

- предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Северна Македонија од редот на судиите;
- разгледување на годишниот извештај на Врховниот суд на Република Северна Македонија за утврдените начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите;
- одлучување за времено оддалечување на судија од вршење на судиска функција и член на Советот од вршење на функцијата член на Совет;
- утврдување на бројот на потребните судиски места по судови;
- разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите и истите јавно ги објавува на својата веб страница;
- постапувњеа по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судови и судовите;
- грижа за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството и други надлежности утврдени со закон;
- поднесување годишен извештај за работата;
- донесување деловник и други општи акти со кои ги уредува работите од своја надлежност;
- утврдување ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно и
- вршење на други работи утврдени со закон.

***СТРУЧНА СЛУЖБА***

Советот има стручна служба. Со стручната служба раководи генерален секретар. Во зависност од видот, обемот, степенот на сложеноста на работата, како и нивната меѓусебна поврзаност и сродност, одговорност и другите услови за успешно функционирање на стручната служба на Советот се образуваат следниве организациски облици:

(1) Сектор за информатички, административно-технички работи и водење на статистика и аналитика на судовите, со две одделенија:

- Одделение за информатички и административно-технички работи
- Одделение за статистика и аналитика на судовите

(2) Сектор за судски буџет, со четири одделенија:

- Одделение за финансиски прашања на судскиот буџетски совет
- Одделение за правни и општи работи на судскиот буџетски совет
- Одделение за инвестиции на судскиот буџетски совет
- Одделение за информациско-комуникациски технологии на судскиот буџетски совет

Во Советот постојат и две посебни одделенија:

- Одделение за внатрешна ревизија
- Одделение за човечки ресурси

Согласно Правилникот за внатрешна оранизација на Судскиот совет пополнети се 30 работни места, од предвидените 50 работни места. Не се пополнети клучни места како технички секретар на претседателот и нема ниту еден вработен во Одделението за статистика и аналитика. Во текот на 2020 годна, на определено време беа вработени 3 лица и тоа, советник, технички секретар на претседателот и хигиеничар. Внатрешната организација (Органограм) е прикажана во (**прилог 1**), кадровската состојба, структурата на вработените според категории на административни службеници, степен на обазование, пол и возраст и етничка структура прикажани се во (**прилог 2**).

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ

## *БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ*

Советот, во текот на 2020 година изврши избор и разрешување на судии и судии поротници.

Во извештајната година, Советот изврши избор на вкупно 24 судии и тоа: во Врховниот суд на РСМ – 4 судии, Апелационен суд Скопје - 6 судии, Основен граѓански суд Скопје – 3 судии, Основен кривичен суд Скопје - 3 судии, Основен суд Битола 1- судија, Основен суд Кавадарци 1 - судија, Основен суд Куманово - 2 судии, Основен суд Охрид – 1 судија, Основен суд Свети Николе - 1 судија, Основен суд Тетово - 1 судија и Основен суд Штип -1 судија.

| | Суд | Број на избрани судии |
|---|---|---|
| 1. | Врховен суд на РСМ | **4** |
| 2. | Апелационен суд Скопје | **6** |
| 3. | Основен граѓански суд Скопје | **3** |
| 4. | Основен кривичен суд Скопје | **3** |
| 5. | Основен суд Битола | **1** |
| 6. | Основен суд Кавадарци | **1** |
| 7. | Основен суд Куманово | **2** |
| 8. | Основен суд Охрид | **1** |
| 9. | Основен суд Свети Николе | **1** |
| 10. | Основен суд Тетово | **1** |
| 11. | Основен суд Штип | **1** |
| | Вкупно | **24** |

| Полова и национална структура на избрани судии во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | **%** |
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 18 | 75 |
| 2 | Албанци | 6 | 25 |
| 3 | Други | 0 | 0 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 7 | 29,17 |
| 2 | женски | 17 | 70,83 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 24 | |







Од страна на Советот во текот на 2020 година е извршен избор на претседатели во 8 судови, и тоа: Апелационен суд Битола, Апелационен суд Гостивар, Апелационен суд Штип, Основен суд Радовиш, Основен суд Струмица, Основен суд Кочани, Основен суд Охрид и Основен суд Кратово.

| Полова и национална структура на избрани претседатели во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година |
|---|

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 7 | 87,5 |
| 2 | Албанци | 1 | 12,5 |
| 3 | Други | 0 | 0 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 5 | 62,5 |
| 2 | женски | 3 | 37,5 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 8 | |







Во текот на 2020 година, Советот за дел од испразнетите судиски места во основните судови според постоечката систематизација ја искористи в со закон

предвидената можност да донесе одлука за времено упатување на судиите од еден во друг суд. Така, Советот донесе одлука за времено упатување на 13 судии и тоа најдолго за време од една година:

- 3 (тројца) судии од АС Битола во АС Скопје;
- 3 (тројца) судии од АС Гостивар во АС Скопје;
- 1(еден) судија од ОС Штип во ОС Берово;
- 1(еден) судија од ОС Кочани во ОС Виница
- 1(еден) судија од ОС Битола во ОС Крушево;
- 1 (еден) судија од ОС Кочани во ОС Делчево;
- 1(еден) судија од ОС Велес во ОС Неготино;
- 2 (двајца) судии од ОС Струмица во ОС Берово (еден судија за период од 01.03.2020 до 31.08.2020 и еден судија за период од 01.09.2020 до 31.08.2021 година);

Советот одлуките за временото упатување на судиите ги донесе согласно член 39 од Законот за судовите, во случаи кога констатира состојба на значително зголемен обем на работата во овие судови, намалена ажурност и во случај кога е доведено во прашање тековното работење на судовите.

Законска надлежност на Советот е да врши избор и разрешување на судиите поротници по доставена предлог листа од претседателот на надлежниот основен и апелационен суд.

Во текот на 2020 година, Советот избра вкупно 255 судии поротници. При изборот на судиите поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници. Истовремено, Советот донесе одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник на 102 судии поротници.

## *ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД*

Во надлежност на Советот е и да утврдува престанок на судиската функција, да разреши судија од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Постапките за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд, пред Советот се водат согласно со одредбите на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Поведените постапки за утврдување одговорност на судијата или претседател на суд се од итен и доверлив карактер и се водат без присуство на јавноста, и со почитување на угледот и достоинството на судијата или претседателот на судот при што се води сметка за заштита на личните податоци на ссудкијата или претседателот

на судот согласно со прописите за заштита на личните податоци На барање на судијата или претседателот на судот, Советот ќе одлучи постапката да биде јавна, како и на седницата да присутвува и претставник од Здружението на судии.

Во текот на 2020 година поднесени се барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд против 140 (сто и четириесет) судии односно 58 барања.

Комисијата на известители, согласно член 63 став 4 од Законот за Судскиот совст на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/2019) отфрли 44 (четириесет и четири) барања за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд.

Советот запре 1 (една) постапка, согласно член 63 став 7 од Законот за Судскиот совст на Република Северна Македонија.

Советот на 1(еден) судија за утврдена дисциплинска повреда му ирезче писмена опомена.

1 (едно) барање за утврдување на одговорност на судија е повлечено од страна на подносителот, бидејќи судијата против кого е поднесено барањето нема статус на активен судија односно со правосилна одлука е разреешен од вршење на судиската функција.

Советот донесе одлуки за разрешување на 5 (пет) судии поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција и тоа:

- 2 (двајца) судии за постапки поведени во 2019 години и
- 3 (тројца) судии за постапки поведени во 2018 година.

Во текот на 2020 година, Советот постапуваше по 2 (две) барања за повторување на постапката по повод донесените пресуди на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Постапката е спроведена согласно Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и донесени се одлуки со кои е отстранета повредата**,** на начин што при гласањето за одлуката не учествува подносителот на барањето за поведување на постапката спрема судијата, односно истиот е изземен од гласање по предлог одлуката на Комисијата. Против одлуките поднесени се жалби до Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Во текот на 2020 година утврден е престанок на судиската функција по сите основи предвидени со закон и тоа:

- o кај 7 (седум) судии е констатиран престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.
- o кај 1 (еден) судија е утврден престанок на судиската функција поради смрт.

- кај 3 (тројца) судии е утврден престанок на судиската функција по сопствено барање.
- Кај 5 (пет) судии е утврден престанок на судиската функција поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција



## *ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО*

Советот, согласно член 36 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите, како и да ги разгледува и оценува тромесечните и годишните извештаи за работата на судовите.

Во рамките на следењето и оценувањето на работата на судиите и судовите Советот ги разгледа и ги оцени извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија и тоа за работата на Врховниот суд на РСМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и основните судови во Република Северна Македонија за 2020 година.

Според податоците генерирани преку АКМИС програмата, изготвен е табеларниот приказ на нерешените предмети од претходниот период, примените предмети, вкупно предмети во работа, решени предмети, нерешени предмети на крајот на периодот и разлика од нерешени предмети на почетокот и на крајот на 2020 година ( прикажани во прилог 3).

Од податоците во табеларен приказ и доставените извештаи од страна на судовите, Советот го утврди следното:

**Врховниот суд на Република Северна Македонија** во 2020 година, го совладал приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 312 предмети, па се оценува како ажурен суд.

**Вишиот управен суд** во 2020 година, успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е намален за 552 предмети, така што се оценува како ажурен суд.

**Управниот суд** во 2020 година, го совладал приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 681 предмети, па се оценува како ажурен суд.

### Апелационо подрачје Битола

**Апелационен суд Битола** во 2020 година не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 61 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Основен суд Битола** во 2020 година не го совладал приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 124 предмети, па се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Крушево** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 47 предмети, така што се оценува како неажурен суд.

**Основен суд Охрид** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е намален за 171 предмети, така што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Прилеп** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 1583 предмети, така што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Ресен** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 140 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Струга** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 680 предмети, така што се оценува како неажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2020 година, годината ја започнале со нерешени 13729 предмети, со новопримени 65380 предмети, во работа имале фонд на предмети од 79109 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2020 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 62977 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Битола не успеале да го совладаат приливот и со тоа заостатокот е зголемен за 2403 предмети во однос на нерешените предмети од претходната година.

## Апелационо подрачје Гостивар

**Апелациониот суд Гостивар** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 133 предмети, така што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Гостивар** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 541 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Дебар** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 11 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Кичево** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 597 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Тетово** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 275 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

Од наведеното произлегува дека основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2020 година не го совладале приливот и го зголемиле

заостатокот на нерешени предмети за 1402 предмети, со што подрачјето во целост се оценува како неажурно.

Во Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2020 година, нерешени предмети на почетокот на годината имало 10252 предмети. Во текот на годината примиле 82896 нови предмети. Вкупно во работа во текот на годината имале 93148 предмети, од кои судиите решиле 81494 предмети на крајот на годината, со што во извештајната година останале вкупно 11654 нерешени предмети.

**Апелационо подрачје Скопје**

**Апелационен суд Скопје** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е намален за 2152 предмети, така што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Велес** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 124 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Гевгелија** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 215 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Кавадарци** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 128 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Кратово** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 87 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Крива Паланка** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 29 предмети, со што се оценува ажурен суд.

**Основниот суд Куманово** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 108 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Неготино** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 93 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот кривичен суд Скопје** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1577 предмети, со што се оценува ажурен суд.

**Основниот граѓански суд Скопје** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 3123 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2020 година, годината ја започнале со нерешени 43954 предмети, со новопримени

192657 предмети, во работа имале фонд на предмети од 236611 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2020 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 191465 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Скопје не успеале да го решат приливот и со тоа е зголемен заостатокот за 1192 предмети, со што подрачјето се оценува во целост како неажурно.

## Апелационо подрачје Штип

**Апелационен суд Штип** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е намален за 74 предмети, така што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Берово** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 152 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Виница** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 188 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Делчево** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 261 предмет, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Кочани** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 253 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Радовиш** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 18 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Свети Николе** во 2020 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 4 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Струмица** во 2020 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 627 предмети, со што се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Штип** во 2020 година успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот за 108 предмети, со што се оценува како ажурен суд.

Според изнесените податоци на подрачјето на Апелациониот суд Штип, произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Штип не успеале да го решат приливот и со тоа се зголемил заостатокот за 1083 предмети, со што подрачјето се оценува како неажурно.

Судовите на ова подрачје во 2020 година, годината ја започнале со нерешени 11392 предмети, со новопримени 62659 предмети, а во работа имале фонд од 74051 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2020 година, судовите успеале да решат вкупно 61576 предмети.

Според тоа произлегува дека на 31.12.2020 година на подрачјето на Апелациониот суд во Штип во судовите останале вкупно нерешени 12475 предмети.

**Од претходно изнесената состојба за работата на судовите за 2020 година, се констатира следното :**

На ниво на Република Северна Македонија судовите месец јануари 2020 година го започнале со нерешени 97091 предмети, примиле во работа нови 446.054 предмети, имале вкупно во работа 543.145 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 443.551 а останале нерешени 99.594 предмети. Според наведените податоци на ниво РСМ судовите во 2020 година не успеале да го совладат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 2.503 предмети и може да се заклучи дека во 2020 година од 34 суда за ажурни се сметаат 15 суда, додека како неажурни се 19 суда и тоа 2 од апелациони судови и 17 основни судови.

При разгледувањето и оценувањето на извештаите од страна на Советот се констатираше дека ваквата состојба се должи пред се на пандемијата со вирусот Ковид-19 во нашата земја и покрај тоа што претседателите на судовите ги презедоа сите мерки и активности за намалување на заостатокот на предметите во судовите. Но како и во сите сегметни од нашето живеење, така и во работењето на судовите оваа пандемија придонесе дел од судовите да бидат оценети како неажурни, со оглед дека дел од судиите и вработените во судовите беа заболени од вирусот, како и во изолација поради контакт со заболено лице со вирусот.

## Состојба со стари предмети

Во прилог на зголемување на ефикасноста во судството во текот на 2019 година, од страна на Советот во соработка со претседателите на судовите беа преземани конкретни мерки за намалување на заостатокот со старите предмети во судството, постари од три, седум и десет години. За да се намали бројот на постари предмети од 7 и 10 години со одлука на Советот преку претседателите на судовите се задолжени судиите кои постапуваат по ваков вид на предмети да изготват план и проекција за решавање на секој предмет. Планот и проекцијата беа составен дел од извештаите на работните тела кои месечно се доставуваат до Советот. Како резултат на вака преземените мерки беа решени голем број на стари предмети во сите судови, прикажани во следната табела:

| | **Јануари 2020 година** | **Декември 2020 година** | **Намален заостаток** | **Стапка на решени предмети** |
|---|---|---|---|---|
| **Постари од 3 години** | 4612 | 2372 | 2240 | 48,56% |
| **Постари од 7 години** | 301 | 216 | 85 | 28,3% |
| **Постари од 10 години** | 1149 | 120 | 29 | 19,46% |

***Табела: состојба со стари предмети во судството***

Постари предмети од **3** години во судовите во Република Северна Македонија заклучно со месец Јануари 2020 година има **4612** предмети додека пак заклучно со месец Декември имало **2372** предмети што значи дека заостатокот е намален за **2240** предмети или за 48,56%. Напоменуваме дека од 01.01.2020 година како стари нерешени предмети постари од 3 години се вклучуваат и предметите заведени во судовите во 2017 година, поради што бројот на предметите во однос на крајот на 2019 година е зголемен.

Предмети постари од **7** години на крајот од месец Јануари 2020 година во судовите во РМ имало **301** додека пак заклучно со месец Декември 2020 година има **216** што значи дека намален е заостатокот за **85** предмети или за 28,3%.

Предмети постари од **10** години на крајот на месец Јануари 2020 година во судовите во РМ имало **149**, додека пак заклучно со Декември 2020 годината имало **120** предмети, што значи заостатокот е намален за **29** предмети или за 19,46%.

Состојбата на старите нерешени предмети постари од **10** години се следи за секој предмет поодделно и може да се види состојбата подетално. Па така крајот на 2019 година завршил со **116** предмети, во периодот Јануари-Декември 2020 статус на предмети постари од десет години добиле **95** предмети, вкупно во работа биле **211** предмети, решени во овој период се **91** предмети и на крајот на Декември 2020 останале нерешени **120** предмети.Процентот на решени предмети во однос на вкупниот број на предмети во работа е **43,13** %.

## Број на пополнети судиски места

Според евиденцијата на пополнетите судиски места во судовите во Република Северна Македонија се констатира следната состојба:

| Година | Датум | Судии | Датум | Судии | Просечен број на судии |
|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 01.01.2019 | 518 | 31.12.2019 | 506 | 512 |
| 2020 | 01.01.2020 | 506 | 31.12.2020 | 503 | 504 |
| **Разлика** | | **-12** | | **-3** | **-8** |

Доколку се споредуваат 2019 и 2020 година, може да се забележи дека на почетокот од 2020 година има 12 помалку судии во однос на почетокот на 2019 година. На крајот од 2020 година има 3 помалку судии во однос на крајот на 2019 година. Просечно во 2019 година може да се земе бројката од 512 судии, а во 2020 години 504 судии, или 8 судии помалку во 2020 година.

| Полова и национална структура на судии во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | **%** |
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 379 | 75,34 |
| 2 | Албанци | 90 | 17,89 |
| 3 | Турци | 6 | 1,19 |
| 4 | Власи | 11 | 2,18 |
| 5 | Срби | 4 | 0,79 |
| 6 | Роми | 1 | 0,19 |
| 7 | Бошнаци | 7 | 1,39 |
| 8 | Други | 5 | 0,99 |
| **Пол** | | | |
| 1 | Мажи | 200 | 39,8 |
| 2 | жени | 303 | 60,2 |
| | | | |
| **Вкупно** | | **503** | |

## Следење и оценување на работата на судиите

Следење на работата на судиите и претседател на суд се врши преку редовно и вонредно оценување. Судијата се оценува според вкупните резултати од постигнатата успешност во работењето преку утврдените квалитативни и квантитативни критериуми согласно Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ број 102 од 12 мај 2019 година).

Целта на следењето и оценувањето на работата на судијата и претседателот на суд е афирмација на судството како независна и самостојна власт, јакнење на личната мотивација на судиите, обезбедување натамошен професионален развој на судиите врз основа на нивните лични и професионални способности без какво било влијание, како и зајакнување на независноста и непристрасноста на судиите при вршењето на судската функција.

Редовното оценување на судијата или претседателот на суд се врши еднаш на четири години. Вонредно оценување на работењето на судијата и претседателот на суд се врши во случај кога судија конкурира за избор на судија во повисок суд, или за претседател на суд или за член на Советот. Советот, во текот на 2020 година не изврши редовно оценување, ниту вонредно оценување на судиите и претседателите на судовите.

На ден 18.12.2020 година, Советот ги донесе подзаконските акти согласно Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, и тоа:

- Методологија за квалитативно оценување на претседателите на судовите,
- Методологија за квалитативно оценување на судиите и
- Упатство за начинот на пресметување на ефективни работни часови.

***ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ***

Согласно член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102 од 22 мај 2019 година) Советот е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите.

Во текот на 2020 година, Советот постапуваше по вкупно 531 претставка, Од вкупно 531 претставки на седница се разгледани 493 претставки, од кои 485 претставки се неосновани, 4 претставки се основани, 2 претставки се делумно основани и 2 претставки се повлечени од подносителот.




Од спроведените анализи на наводите како основ за поднесување на претставките, произлезе дека од вкупниот број на претставки по кои расправал Советот најголем е бројот на претставки во кои подносителите очекуваат Советот да ја преиначи веќе донесената одлука на судот или да утврди друга фактичка состојба поинаква од онаа што ја утврдил судот.

Во дел од претставките се укажува на незадоволство од работењето на судот поради одолговлекување на постапката пред судот, случаи кога не се почитувани предвидените рокови за преземање на процесните дејствија на донесување, објавување и изготвување на судските одлуки и сл.

Исто така, во дел од претставките подносителите сметаат дека судиите во текот на постапувањето по одделни предмети не го примениле правилно законот, односно сториле повреда на процесниот и материјалниот закон со што покажале нестручност и несовесност во вршењето на судиската функција.

Во случаите кога Советот ќе утврди дека наводите во претставката се основани, за тоа го известува подносителот на претставката, но и судијата кој постапувал по предметот. За основаните претставки за кои Советот констатирал пропусти во работата на судијата се води евиденција и се следи работата на судијата, со што ваквото негово постапување може да биде основ Советот да иницира постапка за утврдување одговорност на судијата заради нестручно и несовесно вршењето на судиската функција.

Кога се констатира неоснованост на претставката се известува подносителот на претставката дека Советот е надлежен да ја преиспита работата на судијата, но не може да ја промени донесената одлука со оглед дека судската одлука може да се менува или укинува единствено од надлежен суд, во постапка пропишана со закон, по евентуален правен лек.

Исто така од извршената анализа на поднесените претставки може да се констатира дека тие се однесуваат на работата на судиите како во основните така и на судиите на повисоките судови, апелационите, управните, па и на работата на судиите на Врховниот суд на РСМ.

**Број на претставки по судови**

| Р. бр. | Суд | Вк. |
|---|---|---|
| 1 | ОС Берово | 6 |
| 2 | ОС Битола | 13 |
| 3 | ОС Велес | 24 |
| 4 | ОС Виница | 0 |
| 5 | ОС Гевгелија | 2 |
| 6 | ОС Гостивар | 22 |
| 7 | ОС Дебар | 6 |
| 8 | ОС Делчево | 3 |
| 9 | ОС Кавадарци | 7 |
| 10 | ОС Кичево | 21 |
| 11 | ОС Кочани | 8 |
| 12 | ОС Кратово | 1 |
| 13 | ОС Кр. Паланка | 3 |
| 14 | ОС Крушево | 0 |
| 15 | ОС Куманово | 20 |
| 16 | ОС Неготино | 4 |
| 17 | ОС Охрид | 26 |
| 18 | ОС Прилеп | 11 |
| 19 | ОС Радовиш | 2 |
| 20 | ОС Ресен | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 21 | ОС Св. Николе | 2 |
| 22 | Основен граѓански суд  Скопје | 98 |
| 23 | Основен кривичен суд Скопје | 57 |
| 24 | ОС Струга | 17 |
| 25 | ОС Струмица | 17 |
| 26 | ОС Тетово | 22 |
| 27 | ОС Штип | 13 |
| 28 | АС Битола | 55 |
| 29 | АС Гостивар | 32 |
| 30 | АС Скопје | 94 |
| 31 | АС Штип | 22 |
| 32 | Врховен суд на РСМ | 44 |
| 33 | Управен суд | 43 |
| 34 | Виш управен суд | 27 |

| | |
|---|---|
| Вкупно | 724 |

*Напомена: бројот на претставки по кои Советот постапувал и бројот на преставки по судови се разликува бидејќи една преставка може да се однесува на повеќе судови.*

Од анализата на претставките поднесени по судови презентирани во горенаведената табела произлегува дека најголем број на претставки, се однесуваат на работата на судовите на апелационото подрачје Скопје. Ваквата состојба е резултат на тоа што ова апелационо подрачје е со најголем број судии кои постапуваат како и најголем број на судски предмети во работа.

Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани, сојузи, адвокати и сл. Советот постапувше и по претставки препратени на надлежност од други државни институции од кои најбројни беа од Министерството за правда. Исто така Советот постапуваше и по анонимните претставки, во смисла на тоа дека се испитуваа наводите во тие претставки и се преземаа дејствија по истите доколку постоеја индиции за нивна основаност.

**Листа на претставки по подносители**

| | |
|---|---|
| **1. Физички лица** | |
| Вкупно: | 481 |
| **2. Правни лица** | |
| АД | 4 |
| ДОО | 2 |

| | |
|---|---|
| ДООЕЛ | 10 |
| ЈП | 0 |
| Други | 0 |
| Вкупно: | 16 |

| **3. Невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани** | |
|---|---|
| Вкупно: | 3 |

| **4. Државни институции (препратено на надлежност)** | |
|---|---|
| Агенции при Влада на РСМ | 7 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 6 |
| Јавно обвинителство | 0 |
| Министерство за правда | 38 |
| Народен правобранител | 0 |
| Собрание на РСМ | 0 |
| Вкупно: | 51 |

| **5. Анонимни** | |
|---|---|
| Вкупно: | 10 |

*Напомена: бројот на претставки по кои Советот постапувал и бројот на подносителите на преставки се разликува бидејќи една преставка може да биде поднесена од повеќе физички лица.*

Советот јавно, објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и поплаките, како во однос на доставување на известување до подносителот така и во однос на решавање на проблемот со кои подносителите на претставките се соочуваат во текот на судските постапки, со што дава свој придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ

## 1. ***Независност на судството***

Република Северна Македонија има усвоено правна рамка која генерално ги содржи меѓународните стандарди за независно и непристрасно судство и правилно функционирање на правосудниот систем. И покрај ваквата нормативна основа, се јави потребата да се извршат дополнителни законски интервенции со чија примена ќе се обезбеди поголема независност, ефикасност и непристрасност во работата на Советот и судството. Донесен е новиот Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.102/2019 како и Законот за измени и дополнувања на Законот за судовите објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.96/2019.

Заради имплементација на новиот Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија, на ден 04.02. 2020 година, Советот донесе Правилник за начинот на рангирање на кандидатите за повисок суд, а на ден 18.12.2020 година, Советот ги донесе Медотологијата за квалитативно оценување на судиите и Методологијата за квалитативно оценување на претседателите на судовите.

На ден 09.07.2020 година, Советот донесе Деловник за измена и дополнување на Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

На ден 26.08.2020 година, Советот донесе Стратешки план на Судскиот совет на Република Северна Македонија со акционен план за 2020-2022.

На ден 11.11.2020 година, Советот донесе Стратегијата за човечки ресурси за судската мрежа и Акциски план. Стратегијата за човечки ресурси за правосудната мрежа ги дефинира целите и активностите за периодот 2021 - 2026 година со цел зајакнување и подобрување на веќе воспоставената правна, финансиска и институционална рамка, од аспект на организацискиот развој, односно ефикасното искористување на расположливите човечки ресурси во насока на задоволување на потребите на населението преку правилно управување со човечките ресурси, односно потребата од промена на внатрешните организациски структури на судовите. Во оваа насока неопходно е редефинирање и унифицирање на судската организациска структура на ниво на секоја инстанца од судската власт, што би можело да се постигне со воведување на минимум критериуми потребни за успешен процес на трансформација на правосудната мрежа.

Исто така изготвен е предлог на Методологија за сложеност на предметите која треба во наредниот период да биде усвоена од Судскиот совет на Република Северна Македонија по добивањето на позитивно мислење од Врховниот суд на Република Северна Македонија.

## 2. ***Финансиска независност на судската влат***

Од страна на Советот продолжија и активностите за обезбедување на средства на годишно ниво од 0,8 % од Буџетот за судска власт преку оставарени средби на претседателот на Советот со министерот за правда и министерот за финансии

## 3. ***Континуирано следење на работата на судовите за зајакнување на човечките ресурси***

Членовите на Советот продолжија со интензивната соработката со претседателите на судовите и судиите, заради согледување на состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и потоа во рамките на надлежностите беа преземани соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Во текот на 2020 година, Советот изготви план за вршење на работни посети во судовите и врз основа на тој план беа реализирани работните посети во сите судови и беа изготвени извештаи за констатираната состојба.

Согласно Годишниот распоред за работа на Советот, секој член е определен за координатор за следење на работата на определен суд. Од страна на координаторите беа изготвени извештаи за старите нерешени предмети и извештаи за застарените предмети. Извештаите беа разгледани на седница на Советот, на која седница се донесени заклучоци за констатираната состојба и активностите кои треба да бидат преземени од страна на претседателите на судовите.

На ден 18.12.2020 година, Советот донесе Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите. Целта на овој план е реализација на приоритетите утврдени во Стратешкиот план на Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа унапредување на системот за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите, унапредување на независноста на судството и зајакнување на транспарентноста за зголемување на довербата на јавноста.

Советот заради обезбедување на фукционалност на Центарот за статистика и аналитика изработи план за вработува за 2021 година во кој беше предвидено пополнување на работни места во Одделението за статистика и аналатика. Но тој план од страна на Министерството за финансии не беше одобрен.

Пандемијата со вирусот Ковид-19 ја наметна потребата Советот брзо и навремено да преземе мерки, па така на ден 14.03.2020 година донесе Упатство за постапување на Основниот суд Дебар за време на кризната состојба пропишана од Владата на РСМ во Општините Дебар и Центар Жупа. По прогласувањето на

вонредната состојба од страна на претседателот на Република Северна Македонија, Советот на ден 17.03.2020 година донесе Одлука за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од Вирусот КОВИД-19. Ова одлука Советот ја измени на 07.05.2020 година и 29.05.2020 година. Сите претседатели на судови донесоа конкретни акти за начинот на кој судовите ќе постапуваат по предметите а во согласност со Одлуката на Судскиот совет.

### 4. ***Проекција за слободни судиски места***

Советот до 31 март 2020 година, со Одлука го утврди бројот на слободни судиски места во основните судови во Република Северна Македонија, на 50 ( педесет), за VIII– та осматта генерација на кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители, земајќи ги предвид вкупниот број на слободни судиски места за судии во основните судови, како и проекција за потребите од местата кои ќе се пополнат по завршување на почетната обука.

### 5. ***Анализа на тромесечните и годишните извесштаи за работа на Судовите***

Советот на седница расправа и ги оценува тромесечните и годишните извесштаи за работа на судовите во Република Северна Македонија, кои од страна на судовите навремено во текот на годината се доставувани до Советот и се објавувани на ВЕБ страната на Советот.

Заради континуирано следење на состојбата со предметите во судовите секој член на Советот е определен како координатор за следење на работата на соодветен суд.

### 6. ***Зајакнување на капацитетите на Советот***

Една од основните определби на Советот во остварувањето на работите од својата надлежност е остварување на начелото на транспарентност и отвореност во работењето и зголемена партиципативност на јавноста. Во делот на градењето и афирмацијата на транспарентност во работата, Советот продолжува со своите активности, при што целокупната работа на Советот е јавна, вклучително и седниците на Советот, освен оние на кои согласно со законот јавноста е исклучена. На овој начин се овозможува јавните седници на Советот непречено да ги следат граѓаните, претставници на медиумите и други релевантни институции.

Советот обезбедува редовно и транспарентно објавување информации преку интернет страницата http://www.ssrm.mk за одлуките донесени од страна на Советот, за извршените избори и разрешувања на судиите, објавување на правосилните одлуки за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција, одлуки и заклучоци кои се однесуваат на следење и оценување на работата на судиите и судовите, како и за останати активности на Советот.

На 26.08.2020 година, Советот донесе План за стратешка комуникација на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Овој документ служи за развој на модерна, проактивна комуникациска стратегија со јасно дефинирани клучни пораки и насоки за употреба на различни канали за да се достигнат целните публики. Овој план дава рамка за координирање и организирање на комуникациските активности. Стратешките прашања и области се од висок приоритет и треба да се разгледаат на долг рок за да се воспостави значајна комуникација помеѓу Советот и целните публики

Советот, во рамките на законски утврдените надлежности, настојува отворено и транспарентно да обезбеди проток на информации со цел јавноста и граѓаните на Република Северна Македонија да бидат навремено и точно запознаени и информирани за сите активности што ги презема. Притоа, Советот во изминатиот период беше постојано достапен за комуникација и информирање на сите засегнати страни преку давање интервјуа од страна на претседателот на Советот, давање на изјави за електронските и печатените медиуми, брифинзи, организација на работни состаноци, работилници, стручни и јавни расправи, работни средби.

Во насока на исполнување на целите во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 како и главните наоди од редовните Годишни извештаи на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија во однос на Поглавје 23 - Правосудство и фундаментални права“, Советот изготви Функционална анализа на Судскиот совет на Република Северна Македонија која во суштина е одговор на овој предизвик и потреба за зајакнување на функционирањето на Советот. Функционалната анализа овозможува да се утврдат моменталните капацитети како и главните предизвици и недостатоци со кои се соочува Советот и претставува релевантен документ врз основа на кој во иднина ќе може да се градат и операционализираат ефикасни стратегии за подобрување на перформансите. Долгорочно, Функционалната анализа има за цел зајакнување на довербата на јавноста во Советот како и за промовирање на поефикасен пристап до правдата за граѓаните на РСМ, односно зголемена доверба во судската власт.

## 7. ***<u>Меѓународна соработка</u>***

Поради пандемијата со вирусот Ковид -19 соработката со институциите на национално, регионална и меѓународно ниво се одвиваше преку одржување на онлајн состаноци и работилници.

Членови на Советот учествуваа на виртуелни работилници кои се одржаа во мај и август 2020 година заради размена на судски искуства меѓу САД и Северна Македонија на темата „Виртуелни рочишта во САД“ и на темата „Покривање на судските рочишта за време на пандемија“.

Проектот „Подршка на реформите во правосудниот сектор, финансиран од ЕУ е имплементиран од 2019 до 2021 година. Главна цел беше подршка на спроведувањето на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор и Акцискиот план во врска со

независноста, ефикасноста и квалитетот на работа на судиите, како и подобрување на администрацијата во судството и зајакнување на капацитетите на сите засегнати страни во правосуниот сектор. Некои активности беа поврзани со подршка за изработка на Стратешко буџетско планирање на корисниците, подготовка на критериуми за подготовка на буџетот на единките корисници, како и следење и оценување на реализацијата на буџетот.

Во текот на 2020 година, Советот спроведе директни и онлајн консултации со судиите како дел од подготовката на подзаконскиот акт од членот 80 и 85 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија. Советот ги спроведуваше активностите со финансиска поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија преку проектот „Воспоставување на квалитетен систем за оценување на судии" кој е имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА). Активностите беа спроведени во координација со проектот „Поддршка на реформите во правосудството", поддржан од Европската унија.

Членовите на Советот и стручната служба ги зајакнаа капацитетите за односи со јавност преку обуките за ефективна комуникација со јавност во рамки на програмата за зголемување на транспарентноста, отчетноста и ефективноста на Советот спроведувана од Институтот за човекови права. Во рамките на истата програма беше работено и на изготвување на Стратешки и Акционен план на Судскиот совет како и изработка на Прирачник за комуникација со јавност за потребите на Советот. Оваа програма беше финансиски поддржана од страна на Британската амбасада Скопје.

Во текот на 2020 година, беа реализирани проектот „Развој на Стратешките комуникациски капацитети на Судскиот совет" и проектот „Поддршка ан Судскиот совет во подготовка на Функционална на анализа и Стратешки план",. Овие проекти беа финансирани и поддржани од страна на УСАИД во Република Северна Македонија.

За Советот од големо значење е и соработката која ја остварува со Европската мрежа на судски совети преку размена на информации, кои се од големо значење а со цел да се согледаат и прифатат најдобрите пракси за прашања кои се во надлежност на Советот.

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

### *КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2020 ГОДИНА*

Бројот на вработени во судската власт на 31.12.2020 година изнесува 2.828 лица, а на ден 31.12.2019 година биле вработени вкупно 2.834 лица. Во наредната табела е дадено движењето на бројот на вработени во судската власт од 2017 до 2020 година и

тоа по пооделни категории при што е евидентно намалување на бројот на активни судии секоја година.

| | | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Членови на Судски совет на РМ (ССРСМ) | 13 | 13 | 11 | 13 |
| 2 | Членови на Совет за утврдување факти (СФ) | 8 | | | |
| 3 | Судии | 530 | 511 | 499 | 493 |
| 4 | Директор на Академија | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 5 | Административни службеници | 43 | 43 | 44 | 44 |
| 6 | Работници во ССРСМ, СФ и АСЈО | 12 | 9 | 9 | 11 |
| 7 | Судски службеници | 1.935 | 1.912 | 1.938 | 1926 |
| 8 | Судска полиција | 200 | 194 | 190 | 187 |
| 9 | Работници во судовите | 143 | 137 | 142 | 152 |
| | **Вкупно** | **2.885** | **2.820** | **2.834** | **2827** |

***Табела: Број на вработени во судска власт вкупно***

Старосната, половата и националната структура на вработените судски службеници е дадена во следните табели.

| Пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **Мажи** | 846 | **37,35** |
| **Жени** | 1.419 | **62,65** |
| **Вкупно** | **2.265** | **100** |

***Табела: Полова структура***

| Возраст | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **0-24 години** | 10 | **0,44** |
| **25-49 години** | 1.284 | **56,69** |
| **Постари од 50 години** | 971 | **42,87** |
| **Вкупно** | **2.265** | **100** |

***Табела: Старосна структура***

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Судска админист** | 1.79 5 | 345 | 35 | 27 | 18 | 24 | 10 | 11 | **2.265** |
| **Проц застапено** | 79,2 5 | 15,23 | 1,55 | 1,1 9 | 0,7 9 | 1,0 6 | 0,4 4 | 0,4 9 | **100** |

***Табела: Национална структура***

Вработувањето во судската власт е регулирано со Законот за судска служба, Законот за административни вработени, Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за буџет. Единките корисници на судската власт изготвуваат План за вработување, врз основа на што СБС изготвува Единствен план за вработување во судската власт, кој се доставува до Министерството за финансии и Министерство за иформатичко општество и администрација. Поради неусогласености на Законот за судска служба и Законот за вработени во јавниот сектор, постапката за изготвување на Планот за вработување за 2020 година беше пропратена со бројни проблеми.

| | **единка корисник** | **број на извршители** |
|---|---|---|
| 1 | ОС Крушево | 1 |
| 2 | ОС Неготино | 2 |
| 3 | ОС Струмица | 7 |
| 4 | ОС Битола | 7 |
| 5 | ОС Гевгелија | 1 |
| 6 | ОС Кочани | 2 |
| 7 | ОС Велес | 4 |
| 8 | ОКС Скопје | 11 |
| 9 | ОГС Скопје | 13 |
| 10 | АС Гостивар | 2 |
| 11 | ОС Радовиш | 2 |
| 12 | Врховен суд | 3 |
| 13 | ОС Куманово | 3 |
| 14 | ОС Делчево | 1 |
| 15 | АС Скопје | 1 |
| 16 | ОС Берово | 1 |
| | **Вкупно** | **61** |

Во 2020 година во Единствениот годишен план за вработувања во судовите за 2020 година беа предвидени 90 вработувања на неопределено време за судовите, од кои во 2020 година се реализираа 61 вработувања преку објава на оглас, а за останатите постапката започна во 2020 година и продолжија да се спроведуваат во 2021 година.

***Табела: Број на вработувања на неопределено време во 2020 год согласно Единствениот годишен план за вработувања во судовите за 2020 година***

| | единка корисник | број на извршители |
|---|---|---|
| 1 | ОС Неготино | 2 |
| 2 | ОС Куманово | 2 |
| 3 | АС Скопје | 2 |
| 4 | ОС Струга | 1 |
| 5 | АС Битола | 1 |
| 6 | ОС Кичево | 3 |
| 7 | Управен суд | 1 |
| 8 | ОС Делчево | 1 |
| 9 | ОС Гостивар | 1 |
| | **Вкупно** | **14** |

Исто така во 2020 година се реализираа 14 вработувања на неопределено време во постапки за вработување започнати во 2019 година согласно Единствениот годишен план за вработувања во судовите за 2019 година. Во 2020 година реализирано е 1 вработување на неопределено време согласно Единствениот годишен план за вработувања во судовите за 2018 година.

***Табела: Број на вработувања на неопределено време во 2020 год согласно Единствениот годишен план за вработувања во судовите за 2019 година***

| | единка корисник | број на извршители |
|---|---|---|
| 1 | ОС Скопје 1 | 25 |
| 2 | ОС Скопје 2 | 25 |
| 3 | ОС Битола | 22 |
| 4 | ОС Тетово | 14 |
| 5 | ОС Велес | 4 |
| 6 | Управен суд | 11 |
| 7 | Судски совет на РСМ | 3 |
| 8 | ОС Дебар | 1 |
| 9 | ОС Делчево | 3 |
| 10 | Врховен суд | 5 |
| 11 | ОС Радовиш | 2 |
| 12 | ОС Кичево | 3 |
| 13 | ОС Крива Паланка | 4 |
| 14 | ОС Неготино | 2 |
| 15 | ОС Охрид | 8 |
| 16 | Академија за судии и јавни обвинители | 2 |
| | **Вкупно** | **134** |

Во 2020 година во Судската власт се реализираа 134 вработувања на определено време од еден месец до една година до 31.12.2020 година, како и 9 вработувања по основ на превземање на вработен од друг државен орган.

***Табела: Број на вработувања на определено време во 2020 год.***

| | единка корисник | број на извршители |
|---|---|---|
| 1 | ОКС | 1 |
| 2 | ОГС | 3 |
| 3 | ОС Тетово | 2 |
| 4 | ОС Кичево | 1 |
| 2 | Управен суд | 2 |
| | **Вкупно** | **9** |

***Табела: Број на вработувања во 2020 год.со превземање***

| | единка корисник | број на извршители |
|---|---|---|
| 1 | АС Штип | 5 |
| 2 | ОС Велес | 1 |
| 3 | ОС Кавадарци | 1 |
| 4 | ОС Струмица | 1 |
| 5 | ОС Куманово | 1 |
| 6 | АС Скопје | 32 |
| 7 | АС Битола | 10 |
| 8 | ОС Кочани | 1 |
| 9 | Врховен суд | 22 |
| 10 | Управен суд | 29 |
| 11 | ОС Охрид | 1 |
| 12 | АС Гостивар | 12 |
| 13 | Виш управен суд | 3 |
| | **Вкупно** | **119** |

Во 2020 година во Единствениот годишен план за вработувања во судовите за 2020 година беа предвидени 156 унапредувања за судовите, од кои во 2020 година се реализираа 119 унапредувања преку објава на интерен оглас, а за останатите постапката започна во 2020 година и продолжија да се спроведуваат во 2021 година.

***Табела: Број на унапредувања во 2020 год согласно Единствениот годишен план за вработувања во судовите за 2020 година***

-И покрај тоа што во текот на 2020 година во судовите се реализираа нови вработувања (во рамки на бројот на пензионирања во текот на годината), состојбата на недостиг на соодветен потребен кадар во судството беше присутна и во текот на оваа година. Ова се однесува на:

- раководен кадар кој ќе му помага на претседателот на судот односно судскиот администратор во раководењето со судската служба и вршењето на работите од судската управа (судски администратори во неколку суда, раководители на служба, раководители на судски оддел, раководители на судско одделение, раководители на одделение и сл.).
- потребен стручен и административно технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (судски соработници, дактилографи, раководители на оддели, преведувачи, доставувачи, вработени во писарница и сл.);

- стручни кадри од областа на информатичката технологија, управувањето со човечките ресурси, внатрешна ревизија, јавна внатрешна финансиска контрола, стратешко планирање и сл. односно кадри кои не се директно во корелација со судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите го налагаат како потреба;
-помошно технички кадар (хигиеничарки, возачи и сл).

## ***СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***

Судскиот совет на Република Северна Македонија, како самостоен орган своето финансиско работење го темели единствено од средствата на Буџетот на судската власт за 2020 година кои средства, како единка корисник, ги добива со распределба од Судскиот буџетски совет.

Советот, трошењето на одобрените средства, ги реализира преку својата буџетска сметка 290100053160310, програма 20-судска администрација и тоа преку Министерството за финансии-трезорската канцеларија - Скопје.

Во составот на Советот како издвоен дел функционира Судскиот буџетски совет задолжен за вршење на работите во врска со судскиот буџет.Стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши Стручна служба која е формирана како внатрешна организациона единица во рамките на овој орган. Сите обврски, трошоци, плати и други расходи за функционирање на Судски буџетски совет, се на товар на буџетската сметка на судскиот совет.

Во текот на 2020 година, за функционирањето на Советот се потрошени финансиски средства во износ од **40.497.866,00** денари, кои во споредба со трошоците во 2019 година во износ од **52.122.633,00** денари претставува намалување на Буџет во номинален износ од **11.624.767,00** денари.

Бројот на вработените во Советот во 2020 изнесува **46 вработени**, од кои **13** се именувани лица како членови на советот согласно Законот на судскиот совет на Република Северна Македонија и **1(еден)** е генерален секретар назначен согласно Законот за административни службеници, **26** како административни службеници , **3** вработени како помошни – технички лица и **3** лица се вработени на определено време до 31.12.2020 година.

Значи од ова произлегува дека за остварување на работите од својот делокруг, утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за Судскиот совет, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од **40.497.866,00** денари денари при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење.

Показателите за реализација на буџетот збирно и по одделни расходни ставки, укажуваат на голем степен на искористеност на одобрените финансиски средства, односно реализацијата на вкупниот Буџет од **99.5%** дефиниран за Советот со Годишниот финансиски план за 2020. Вака високиот процент на искористеност укажува дека во континуитет се следеше реализацијата на истиот со цел навремено донесување одлуки за потребните прераспределби, пренамени или проширувања на кварталните планови во рамки на Годишниот финансиски план , за да се подмират обврските кон комитентите и да се избегнат високи камати за реализација на доспеаните фактури за извршените услуги. При користењето на планираните финансиски средства основен принцип е наменското трошење и дефинираните позиции во Годишниот план за јавни набавки.

Преглед на реализација на финансиски средства во процентуален и номинален износ во однос на одобрените средства од Буџетот на РСМ, преку Судски буџетски совет.

| **Преглед на реализирани финансиски средства за 2020 година.** | | |
|---|---|---|
| | | |
| *О П И С* | *Финансиски средства* | *процент* |
| | | |
| 1. Вкупно средства добиени од Буџетот | **40.701.394,00 ден.** | **100,00 %** |
| 2. Потрошени средства-остварени расходи | **40.497.866,00 ден.** | **99,50%** |
| 3. Остаток- непотрошени средства во износ | **203.528,00 ден.** | **0,50%** |

**Поконкретно, потрошени средства за плати, придонеси од плати и надоместоци од плати**

| **Потрошени средства за плати и надоместоци од плата:** | |
|---|---|
| 1. Основни плати и персонален данок | 24.375.326,00 денари |
| 2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување | 9.457.293,00 денари |
| 3. Останати надоместоци | 45.589,00 денари |
| **Вкупно за плати и надоместоци** | **33.878.208,00 денари** |

**Поконкретно, потрошени средства за плати и придонеси од плати во однос на другите трошоци претставени табеларно и на графикон:**

| | |
|---|---|
| **1.Плати и надоместоци од плата** | **33.878.208,00 денари** |
| **2.Вкупно други трошоци** | **6.619.658,00 денари** |
| **3.Реализиран Буџет за 2020 год.** | **40.497.866,00 денари** |




**Аналитички табеларен преглед на реализираните буџетски средства на синтетички конта од класа 4-Расходи за 2020 по категори е следен:**

| Категорија | Износ |
|---|---|
| **40- Плати и надоместоци од плата** | **33.878.208,00** |
| **42-Стоки и услуги** | **5.264.380,00** |
| **46-Субвенции и трасфети** | **1.267.303,00** |
| **48-Капитални расходи** | **87.975,00** |
| **Вкупно** | **40.497.866,00** |

**И нивен графички преглед 2020 година:**




Ако се направи подетална анализа во структурата на потрошените финансиски средства од страна на Советот, во најмал износ во делот на реализација се однесува на патните и дневните расходи поради и тоа **13%** од планираните расходи (**2.620,00 денари од вкупните 20.000,00 денари**).

Во 2020 година се испатени платите со сите задлолжителни придонеси во износ од **33.878.208,00** денари кој преставува **84%** од вкупниот буџет на советот. За комунални услуги, греење и комуникација е извшено плаќање во износ од **2.732.009,00 денари** и тоа за парно греење, електрична енергија и за исплатените реални патни трошоци за членовите кои се од внатрешноста. Од контото 465- Исплата по извршни исправи во 2020 година за правосилните судски пресуди со налози за извршување се платени во износ од **1.262.303,00 денари**.

Во прегледот подолу номинално се прикажани реалните трошоци во 2020 година по расходни ставки од **420 до 480**:

| **Расходна ставка 1** | **Планирани 2** | **Реализирани 3** | **Процент на реализација во % 4=3/2** | **Разлика 5=2-3** |
|---|---|---|---|---|
| 420-Патни и дневни расходи | 20.000,00 | 2.620,00 | 13 % | 17.380,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација, и транспорт | 2.750.000,00 | 2.732.009,00 | 99,5 % | 17.991,00 |
| 423- Материјал и ситен инвентар | 551.000,00 | 494.333,00 | 90 % | 56.667,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 424 - Поправки и тековно одржување | 1.266.348,00 | 1.231.973,00 | 97 % | 34.375,00 |
| 425 – Договорни услуги | 580.083,00 | 553.183,00 | 95,5 % | 26.900,00 |
| 426-Други тековни расходи | 280.000,00 | 250.262,00 | 89,5 % | 29.738,00 |
| 464- Разни трансфери | 5.000,00 | 5.000,00 | 100 % | 0 |
| 465- Исплата по извршни исправи | 1.262.303,00 | 1.262.303,00 | 100 % | 0 |
| 481- градежни работи | 100.000,00 | 87.975,00 | 99,5 % | 12.025,00 |
| **Вкупно** | **6.814.734,00** | **6.619.658,00** | **97 %** | **195.076,00** |

На крајот на годината по извршениот попис на постојани средства и обврските, констатирани се обврски кон добавувачите во износ од **260.177,00 денари** , кон работниците во износ од **53.760,00 денари** и обврски кон вработените по основ на плата и придонеси во износ од **2.835.263,00 денари**. Делот на обврските кон комитентите во најголем дел се однесува за направените услугите и набавените материјали за месец декември 2020 година како и обврските по однос на плата за тој месец.

Предлог буџетот за Советот претставуваат интегрален дел од системот на планирање и буџетирање и ја презентира потребата од унапредување на условите за работа на стручната служба заради постигнување на стратешките приоритети и цели: обезбедување и гарантирање на независноста, зголемување на ефикасноста и јакнење на довербата за непречено извршување на функциите на институцијата. Од тие причини на Советот му е потребно обезбедување на перманентни и стабилни финансиски средства.

## Споредбен преглед на одобрени, потрошени и непотрошени финансиски средства во Судски совет на Република Северна Македонија за 2018, 2019 и 2020 година

| ОПИС | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Вкупно средства од Буџетот на РСМ** | ***41.433.149,00 де*н. 100%** | **52.422.693,00 ден. 100 %** | **40.701.394,00 100%** |
| **Потрошени средства - остварени расходи** | **41.019.062,00 ден. 99,00%** | **52.122.633,00 ден. 99,00%** | **40.497.866,00 99,50%** |
| **Непотрошени средства** | **414.078,00 ден. 1,00%** | **320.000,00 ден. 1,00%** | **203.528,00% 0,50%** |

# ЗАКЛУЧОЦИ

Во наредниот период, како и досега, Советот пред се ќе биде фокусиран на зголемување на ефикасноста на судовите, преку понатамошно јакнење на инстуционалните и административни капацитети, преку зголемена примена на информатичките технологии и докажани во праксата пристапи и методологии во работата, како и воедначување на судската практика и унапредување на соработката и контролата на повисоките со пониските судови. Исто така во наредниот период акцент ќе биде ставен и кон активности за јакнење на довербата на јавноста во судството, преку зголемена транспарентност и активности за информирање на заинтересираните страни.

Понатаму, приоритетите на Советот ќе се однесуваат и на обезбедување и гарантирање на независноста на судството во Република Северна Македонија, преку унапредување на процедурите за избор и унапредување на судиите, оценување на нивната работа, и на системот за утврдување на одговорност на судиите, како и подобрување на материјално финансиската состојба на судовите, судиите и судската администрација.

Советот и во иднина ќе се грижи за остварување на следните приоритетни активности:

- Доследна примена и постапување по одредбите од донесената законска регулатива;
- Следење на состојбите во судството и поднесување предлози за подобрување;
- Следење на работата на судиите и претседателите на судовите;
- Континуирано следење на примената на законите и поднесување иницијативи за изменување и дополнување на законската регулатива;
- Унапредување на соработката на институциите на судска власт со другите чинители во земјата и светот;
- Унапредување на транспарентноста и отчетноста во работата на Советот;
- Афирмација на местото, улогата и надлежноста на Советот на домашно и меѓународно ниво;
- Јакнење на инстуционалните и административни капацитети на институциите на судската власт;
- Унапредување на примената на ИКТ во судството;
- Подготовка на периодични и годишни извештаи;
- Презентација на резултатите од работата во јавноста и активности за подобрување на угледот на судската власт;
- Ефикасно и економично извршување на Судскиот буџет;
- Подобрување на капацитетите на судство за планирање и спроведување на програми поддржани од билатерални и мултилатерални донатори;

- Подобрување на системот за избор, оценување, унапредување и разрешување на судиите;
- поддршка на судиите во ситуации кога е загрозен интегритетот при вршењето нивната функција;
- Унапредување на стручноста и вештините на судиите и судската администрација и
- Континуирано подобрување на процесите и на системот за квалитет согласно Стандардот ИСО 9001:2015

Натамошното јакнење на независноста и зголемувањето на ефикасноста на судскиот систем, беа и ќе продолжат да бидат клучни сегменти на кои Советот ќе ја темели својата активност. Тргнувајќи од потребата за постоење на законски гаранции за фер судски постапки, како и цврста правна рамка и конзистентни институции за да се зајакне една доследна политика за заштита и одвраќање од корупција, натамошното подобрување на судскиот систем е од најголемо значење.

Советот во следниот период ќе презема мерки и активности за доследна примена на Амандманот VI на Уставот на Република Северна Македонија за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во сите судови во РСМ.

Советот, секојдневно, преку остварување на своите функции, ќе продолжи да го заштитува, но и да обезбедува независно, непристрасно, професионално, стручно, ефикасно, ефективно, отчетно и транспарентно судство, засновано на општоприфатените стандарди за владеење на правото со доследна примена на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

**ПРЕПОРАКИ**

- Судството како една од трите власти во Република Северна Македонија, има потреба од зголемување на независноста во располагање на средства од судскиот буџет, во чии рамки особено значајна е работата на Судскиот буџетски совет (СБС). Во наредниот период се очекува да се обезбеди задоволително ниво на судскиот буџет за непречено извршување на функциите на институциите на судската власт во Република Северна Македонија, во согласност со одредбите од Законот за судскиот буџетски совет.

- Се наметнува и потребата од поактивно учество на преставници од судската власт во креирање на законските прописи кои се применуваат во судството. Во следниот период се очекува да се унапреди соработката на институциите на судска власт со другите чинители во општеството и со сродните институции во земјите на регионот и пошироко.

- Обезбедување на функционалност на Одделението за статистика и аналитика на судовите со пополнување на работните места согласно Правилникот за систематизација на работните места во Судскиот совет. Преку нови вработувања во Стручната служба на Советот. бидејќи Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 предвидува зајакнување на капацитетите на Советот.

- Иницирање на постапка за донесување на посебен закон за вработените во судската власт со кој ќе се регулира статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос, вклучувајќи ги вработените во Советот, Академијата за судии и јавни обвинители, како и помошно теехничкиот персонал. Потребата од донесувањето на ваков закон произлегува од поделбата на власта која е регулирана со Уставот на Република Северна Македонија: Во посебна глава судство е наведено дека судската власт ја вршат судовите. Во истата глава во член 104 од Уставот на РСМ е регулиран составот и мандатот на членовите и надлежноста на Судскиот совет на РСМ.

**Прилог 1**


Претседател на Судски совет на РСМ
(Претседател на Судски буџетски совет)
Членови на Судски совет на РСМ
Генерален секретар
Државни советници
Сектор за информатички, административно-технички работи и водење на статистика и аналитика на судовите
Сектор за Судски буџет
Одделение за информатички и административно-технички работи
Одделение за статистика и аналитика на судовите
Одделение за финансиски прашања на СБС
Одделение за правни и општи работи на СБС
Одделение за инвестиции на СБС
Одделение за информатичко-комуникациски технологии на СБС
Одделение за човечки ресурси
Одделение за внатрешна ревизија

**Прилог 2**

***Структура на вработени според категорија***

| Категорија | Број на врсботени | Поцентуална застапеност |
|---|---|---|
| Категорија А – секретари | **1** | **3,22** |
| Категорија Б – раководни административни службеници | **13** | **43,33** |
| Категорија В – стручно административни службеници | **7** | **23.33** |
| Категорија Г – помошно - стручни административни службеници | **5** | **16,66** |
| Помошно технички лица | **4** | **13,33** |
| Вкупно | **30** | **100,00** |

***Старосна структура***

| **Возраст** | **Број на вработени** | **Процентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **0-24 години** | **0** | |
| **25-49 години** | **22** | **73,33** |
| **Постари од 50 години** | **8** | **26,66** |
| **вкупно** | **30** | **100,00** |

***Полова структура***

| Пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **мажи** | 8 | **26,66** |
| **жени** | 22 | **73,33** |
| **вкупно** | **30** | **100,00** |

***Етничка структура***

**ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА**

| | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Срби** | **Власи** | **Бошњаци** | **други** | **ВКУПНО вработени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на вработени** | 23 | 3 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | **30** |
| **Процентуална застапеност** | 76,66 | 10,0 | 0,0 | 0,0 | 6,66 | 0,0 | 3,33 | 3,33 | **100,00** |

Прилог 3

| Бр. | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Врховен суд на РСМ** | 1255 | 4517 | 5772 | 4829 | 943 | 312 |
| 2 | **Виш управен суд** | 1699 | 3951 | 5650 | 4503 | 1147 | 552 |
| 3 | **Управен суд** | 5072 | 8579 | 13651 | 9260 | 4391 | 681 |
| | **ВКУПНО** | **8026** | **17047** | **25073** | **18592** | **6481** | **1545** |
| | | | | | | | |
| 1 | **АС Битола** | 480 | 4897 | 5377 | 4836 | 541 | -61 |
| 2 | **АС Гостивар** | 338 | 4058 | 4396 | 3925 | 471 | -133 |
| 3 | **АС Скопје** | 8685 | 12553 | 21238 | 14705 | 6533 | 2152 |
| 4 | **АС Штип** | 235 | 3907 | 4142 | 3981 | 161 | 74 |
| | **ВКУПНО** | **9738** | **25415** | **35153** | **27447** | **7706** | **2032** |
| | **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | **ОС Битола** | 3578 | 19712 | 23290 | 19588 | 3702 | -124 |
| 2 | **ОС Крушево** | 194 | 1532 | 1726 | 1485 | 241 | -47 |
| 3 | **ОС Охрид** | 4247 | 12115 | 16362 | 12286 | 4076 | 171 |
| 4 | **ОС Прилеп** | 3293 | 17089 | 20382 | 15506 | 4876 | -1583 |
| 5 | **ОС Ресен** | 401 | 2872 | 3273 | 2732 | 541 | -140 |
| 6 | **ОС Струга** | 2016 | 12060 | 14076 | 11380 | 2696 | -680 |
| | **ВКУПНО** | **13729** | **65380** | **79109** | **62977** | **16132** | **-2403** |
| | **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | **ОС Гостивар** | 5840 | 24654 | 30494 | 24113 | 6381 | -541 |
| 2 | **ОС Дебар** | 347 | 6747 | 7094 | 6758 | 336 | 11 |
| 3 | **ОС Кичево** | 1454 | 11893 | 13347 | 11296 | 2051 | -597 |
| 4 | **ОС Тетово** | 2611 | 39602 | 42213 | 39327 | 2886 | -275 |
| | **ВКУПНО** | **10252** | **82896** | **93148** | **81494** | **11654** | **-1402** |
| | **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | **ОС Велес** | 2304 | 13416 | 15720 | 13540 | 2180 | 124 |
| 2 | **ОС Гевгелија** | 735 | 8310 | 9045 | 8525 | 520 | 215 |
| 3 | **ОС Кавадарци** | 911 | 8386 | 9297 | 8258 | 1039 | -128 |
| 4 | **ОС Кратово** | 155 | 1666 | 1821 | 1579 | 242 | -87 |
| 5 | **ОС Крива Паланка** | 1073 | 3963 | 5036 | 3992 | 1044 | 29 |
| 6 | **ОС Куманово** | 3943 | 28919 | 32862 | 29027 | 3835 | 108 |
| 7 | **ОС Неготино** | 1316 | 6321 | 7637 | 6414 | 1223 | 93 |
| 8 | **Основен граѓански суд Скопје** | 12090 | 41107 | 53197 | 37984 | 15213 | -3123 |
| 9 | **Основен** | 21427 | 80569 | 101996 | 82146 | 19850 | 1577 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **кривичен суд Скопје** | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **43954** | **192657** | **236611** | **191465** | **45146** | **-1192** |
| | | | **АС ШТИП - Основни судови** | | | | |
| **1** | **ОС Берово** | 810 | 3212 | 4022 | 3364 | 658 | 152 |
| **2** | **ОС Виница** | 295 | 3172 | 3467 | 2984 | 483 | -188 |
| **3** | **ОС Делчево** | 731 | 4685 | 5416 | 4424 | 992 | -261 |
| **4** | **ОС Кочани** | 2234 | 9484 | 11718 | 9231 | 2487 | -253 |
| **5** | **ОС Радовиш** | 584 | 6119 | 6703 | 6101 | 602 | -18 |
| **6** | **ОС Св. Николе** | 364 | 4571 | 4935 | 4575 | 360 | 4 |
| **7** | **ОС Струмица** | 2887 | 15405 | 18292 | 14778 | 3514 | -627 |
| **8** | **ОС Штип** | 3487 | 16011 | 19498 | 16119 | 3379 | 108 |
| | **ВКУПНО** | **11392** | **62659** | **74051** | **61576** | **12475** | **-1083** |
| | | | **Вкупно за судовите на цела територија на Р.С. Македонија** | | | | |
| | **ВКУПНО** | **97091** | **446054** | **543145** | **443551** | **99594** | **-2503** |

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KЁSHILLI GJYQЁSOR I REPUBLIKЁS SЁ MAQEDONISЁ SЁ VERIUT**
**Заменик претседател - Zëvendës Kryetar**
**M-r.Milazim Mustafa**